Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14-985/26
01.11.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-985/26
01-11 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 35-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 22.10.2021 година | **Време** | 12.00 – 13:30 часот |
| **Бр. на седница** | 35-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Љубен Талев, Зоран Мурџев, Сашко Стојчев, Милан Николовски (независни експерти), Борис Арсов и Зоран Алексов (АЕК), Фатиме Салији и Ариан Ибраими (МРД) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, Мишко Талески, Ангел Симов и Владимир Радосављевиќ, Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 30.09.2021 година;
2. Изменување и дополнување на Правилникот на АЕК за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства;
3. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 35-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. На седницата присуствуваа и претставници на Агенцијата за електронски комуникации.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 34-та седница, одржана на 30.09.2021 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Буковалов, отвори дискусија по однос на изменувањето и дополнувањето на Правилникот на Агенцијата за електронски комуникации за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства и побара од преставниците на АЕК да ги образложат предложените измени.

Претставникот на АЕК, Борис Арсов, истакна дека постапката за измена на Правилникот е започната минатата година, но поради објективни причини (ковид пандемијата и сл.) процесот на изготвување на овој подзаконски акт е забавен. Пристигнатите коментари не се обработени и додадени на веб страната на АЕК, а откако тоа ќе се случи ќе се отвори јавна расправа за истите.

Зоран Алексов од АЕК потенцира дека во правилникот се предвидува промени во начинот и формата за собирање на податоците и добивањето на извештаите од операторите. Разликата е во тоа што се предвидува наместо да се добиваат збирни податоци од операторите, сега да се добиваат податоците поединечно за секој приклучок. Исто така Алексов истакна дека овие измени се прават согласно БЕРЕК препораките.

Членот на НКБК, Славица Настеска, го покрена прашањето дали во правилникот има обврска или одредба операторите да доставуваат податоци за покриеноста (coverage),

или само за претплатници (take up), а со цел во следниот Извештај за развој на бродбенд на пазарот кој го изготвува НКБК да се следат сите четири индикатори за покриеноста. Исто така, Настеска предложи во правилникот да се додаде обврската за операторите да доставуваат податоци за покриеност, што беше поддржано и од членот на телото Зоран Дервишов.

Димитар Буковалов истакна дека правилникот може да се подели на два дела; првиот за изградбата на инфраструктурата и вториот дел за добивањето на информации од операторите. Буковалов го покрена и прашањето за барањето на податоци од операторите согласно членот 55 за податоци за нивните идните планирани инвестиции во бродбенд мрежи.

Зоран Дервишов истакна дека во правилникот освен барањата од операторите кои се однесуваат за тековна покриеност со тк мрежи треба да има барање и за нивните планирани идни инвестиции

На крај на дискусијата, од страна на Буковалов беше истакнато дека и на следните седници на НКБК ќе продолжи дискусијата околу правилникот и предложените измени.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ претседателот на телото Буковалов информира дека од НКБК е побарано мислење за последната верзија на предлог текстот на Законот за безбедност на мрежи и информациски системи, која како точка на дневен ред ќе се најде на следната седница на телото. Законот треба да биде финализиран до 29 октомври.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________